РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Центар за развој на СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 02-53/3
24.03.2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 2 став 1 алинеја 9 од Деловникот за работа на Советот за развој на Скопски плански регион бр.02-86/4 од 16.06.2021 година, а во врска со член 4 став 1 алинеја 8 и член 12 од Одлуките за основање на Центарот за развој на Скопски плански регион (од 2008година и 2022 год.), согласно член 22 став 2 и член 32 став 2 од Закон за рамномерен регионален развој (сл.весник на РСМ бр.24/2021,87/21), Советот за развој на Скопски плански регион на XI-та Седница одржана на ден 24.03.2023 година во Скопје, ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за развој на Скопски плански регион за 2022 година, и Извештајот за финансиското работење на Центар за развој на Скопски плански регион за 2022 година

**Член 1**

Годишен Извештај за реализација на Програмата за развој на Скопски плански регион за 2022 година, и Извештајот за финансиското работење на Центар за развој на Скопски плански регион за 2022 година **СЕ УСВОЈУВА.**

**Член 2**

Центар за развој на Скопски плански регион се обврзува Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Скопски плански регион за 2022 година и Извештајот за финансиското работење на Центар за развој на Скопски плански регион за 2022, да го поднесе до Советот за развој на планскиот регион, Советите на општините во Скопскиот плански регион и Советот на Градот Скопје.

**Член 3**

Центар за развој на Скопски плански регион, од член 1 по усвојувањето од Советот за развој на Скопски плански регион и Советите на општините во Скопскиот плански регион и Советот на Градот Скопје и до Министерство до крајот на првото тромесечие во 2023 година, за претходната 2022година.

**Член 4**

Оваа Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на нејзиното донесувањето.

Совет за развој на
Скопски плански регион,
Претседател,
М-р Александар Георгиевски,

_______________________
(потпис)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Центар за развој на СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
СКОПЈЕ

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

Врз основа на член 65 став 4 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр. 24/2021), министерот за локална самоуправа, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИОТ РЕГИОН

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на планскиот регион.

Член 2

Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на планскиот регион се доставува на образец „Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на планскиот регион“, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на РСМ“.

Бр.
15јуни 2021 година
СкопјеГоран Милевски, с.р

министер,

ПРИЛОГ

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2022 ГОДИНА

Врз основа на член 22 став 2, член 30 став 1 алинеја 6, член 32, и член 65 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр.24/2021), Центарот за развој на Скопски плански регион го подготви, а Советот за развој на Скопски плански регионго усвои следниов:

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2021-2026 ЗА 2022ГОДИНА

Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Скопски плански регион го опфаќа периодот јануари-декември 2022 година.

## РЕЗИМЕ

(Резимето содржи кус и синтетизиран приказ на најважните информации и клучните постигања во реализацијата на Програмата за развој на Скопски плнски регион во извештајната година. Тука се дава и општа оценка за оствареноста на зацртаните цели и планови.Обемот на резимето е најмногу една страница.)


Согласно Законот за рамномерен регионален развој, се реализира Програмата за развој на Скопски плански регион за период 2021-2026 како среднорочен плански документ во кој се утврдуваат развојните цели на Скопски плански регион и мерките, инструментите, финансиските и други средства за нивна реализација.

Програмата за развој на Скопски плански регион е во согласност со Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031(Службен весник на РСМ бр.76 од 06.04.2021), Просторниот план на Град Скопје, Стратешките документи на општините, како и останати релевантни национални стратешки документи.

Согласно горенаведеното Центарот за развој на Скопски плнски регион за 2022 година има планирано реализација на десет проекти.

Со својата работа центарот врши и други услуги како :

Услуги за поддршка на Советот за развој на Скопскиот плански регион

Услуги за општо информирање

Консултанстки услуги за подготовка и имплементација на проекти

Обуки и услуги

Услуги за промоција

Поддршка и советодавни услуги за мали и средни претпријатија

Лобирање за разни програми и работење на Бизнис центарот.

Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Скопски плански регион се состои од наративен и табеларен дел.

## I. НАРАТИВЕН ДЕЛ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

Наративниот дел на Годишниот Извештај задолжително го содржи следново:

### 1. Листа на реализирани проекти и активности

Овој дел содржи листа на реализирани проекти и активности во рамки на секоја поединечна мерка, во согласност со стратегиските цели и приоритетите утврдени во Програмата за развој на планскиот регион.

Притоа, за секој реализиран проект и активност треба да се наведе: целосниот назив, точниот период на реализација, износот на реализирани средстваи корисникот.

Горенаведеното се презентира на следниов начин:

**Стратегиска цел 1 - целосен назив на целта**
**Приоритет 1.1 - Подобрена атрактивност и конкурентност на регионот преку потикнување и развој на МСП, носечките индустрии и развој на модерна инфраструктура**

Мерка 1.1.1 - Зголемување на соработката помеѓу домашни и странски фирми
**нема реализирани активности**

- реализирана активност/проект во рамките на мерката (целосен назив, точен период на реализација, износ на реализирани средства, корисник)

Мерка 1.1.2 - Формирање на кластери
**нема реализирани активности**

Мерка 1.1.3 - Промовирање на соработка помеѓу фирмите во регионот

Во рамките на проектот "Одржлив инклузивен рамномерен регионален развој – фаза II" беа подготвени промотивни видеа за успешни претприемачки приказни во Скопскиот регион. Бизнис центарот при СПР изработи 4 видеа за следните успешни претприемачки приказни:

- "Тиноски"- За креативецот Валентин Петрески, изработувач на чаши и акцесоари со натписи

Линк:https://fb.watch/i12ebiDiKX/

- "AvAv happy dog"- Прв забавен парк за кучиња кој е формиран како социјално претпријатие и е направен целосно од рециклирани материјали.

Линк:https://fb.watch/i12cAcchUe/

- "Сара Симовска" - Пионер во мобилната архитектура која го освојува вкусот на модерниот човек со едноставни, чисти, еколошки и ефикасни дизајни што се движат низ просторот.

Линк:https://fb.watch/i12Vc4V-Av/

- "Фудбалски клуб Гроздановски"- Успешна претприемачка приказна за старт - ап бизнис во рурална средина

Четвртото видео е промовирано во 2023 година.

Вкупната вредност на изработката на четирите видео спотови изнесува 120.000,00 мкд со финансиска поддршка од страна Министерството за локална самоуправа и Швајцарска агенција за развој и соработка.

**Приоритет 1.2 - Усогласување на понудата и побарувачката на труд**

- Мерка 1.2.1 - Истражување на потребите на пазарот на труд
  **нема реализирани активности**
- Мерка 1.2.2 - Реализација на програми за квалификација, преквалификација и доусовршување
- **нема реализирани активности**

**Приоритет 1.3 - Развој на МСП**

- Мерка 1.3.1 - Олеснување на условите за бизнис на МСП
  **нема реализирани активности**
- Мерка 1.3.2 -Поддршка за отворање и работење на science based business центри
  **нема реализирани активности**

- Мерка 1.3.3 -Размена на искуства и знаење (know how)

1.Бизнис центарот при Центарот за развој на Скопскиот плански регион и „Junior Achievement Macedonia" започнаа заедничката соработка, која беше официјализирана со потпишувањето на Меморандумот за разбирање на 10.11.2022 година. Заедничките иницијативи на двете организации и соработката се однесуваат на подобрување на претприемачкото опкружување и учење како и учество во заеднички активности и проекти кои ќе влијаат на поттикнување на претприемништвото во Скопскиот плански регион.

Бизнис центарот при СПР, учествуваше на „Кампот за иновации" организиран од 14-15.11.2022 година од „Јуниор Ачивмент Македонија". Преку оваа активност се менторираа група студенти, во процес на подготовка на бизнис планови во рамките на „Иновативниот камп".

- Мерка 1.3.4 - Зголемување на човечки капитал

Центарот за развој на Скопски плански регион потпиша Меморандум за соработка со "Центар за управување со знаење". Со потпишувањето на овој Меморнадум за соработка се отпочнаа активности за подготовка на проектна апликација на повикот за прекугранична соработка со Република Србија. Во рамките на овој повик, Центарот за развој на Скопски плански регион аплицираше како ко-апликант 1, во соработка со "Центар за управување со знаење" – лидери на проектот, Јабланичко- Пчински регион (Р.Србија) – ко-апликант 2 и Општина Власотинце (Р.Србија) – ко - апликант 3. Називот на проектот е "Opportunity4you" и се однесува на зајакнување на организациските капацитети за активирање на потенцијалите за прекугранично вработување на млади лица. Главната цел на проектот е да се подобрат механизмите за поддршка на

вработливоста и мобилноста на работната сила во прекуграничната област. Проектот доби позитивен одговор од страна ЦФЦУ ( Комисија на ЕУ за евалуација на апликации за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија) со претставништво во Белград, Република Србија. На 16 дек.2022год се потпиша Договор. Проектот ќе се спроведува 18 месеци почнувајќи од март 2023 година.

Вкупната вредност на проектот е 14.216.174,00 мкд

Вкупната вредност на активностите на Центар за развој на Скопски плански регион во рамките на проектот изнесуваат 2.282.265,00 мкд

Ко-финансирањето во рамките на оваа програма за партнерите во Р.С Македонија е обезбедено од страна на Министерството за локална самоуправа. Ко-финансирањето за Центар за развој на СПР од страна на МЛС изнесува 402.395,00 мкд

- Мерка 1.3.5 - Стимулирање на МСП
  **нема реализирани активности**

- Мерка 1.3.6 - Подобрен пристап до финансии

Спроведена менторска поддршка за подготовка на апликации на 12 компании и тимови во рамките на 3 повици од Фондот за иновации и технолошки развој. Фонд за иновации и технолошки развој:

-„Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст“ повикот траеше до 15.06.2022,

-„Кофинансирани грантови за новоосновани комерцијални компании, старт-ап и спин-оф –СТАРТАПУВАЈ 4” повикот траеше до 08.08.2022 год

-„Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновациите” повикот траеше до 17.11.2022 година

Вкупно потрошените средства за оваа активност изнесуваат 300.000,00 денари. Активноста е спроведена во рамките на проектот “Одржлив инклузивен рамномерен регионален развој - 2” со финансиска поддршка од страна Министерството за локална самоуправа и Швајцарска агенција за развој и соработка

**<u>Приоритет 1.4 - Подобрување на транспортот и развој на транспортната и комуникациската инфраструктура</u>**

- Мерка 1.4.1 - Подобрување и развој на транспортната инфраструктура

1.„Рехабилитација на дел од ул.,,Александар Урдаревски” во КО Горно и Долно Оризари“, Општина Бутел, Шуто Оризари, Чучер Сандево.

Вкупен буџет според потпишан договор со економски оператор за изведба 11.504.119, 81 денари.

Проектот Александар Урдаревски е од исклучителен регионален значај и се реализира во фази. (Дел на Општина Шуто Оризари фаза 1 и фаза 2, должина од 1325.85 м) Аплицирано е во БРР со фаза 1 за должина 665,85 м. Останува Фаза 2 за должина од 660 м.Според анализите 10.000 жители на Општина Чучер Сандево ке имаат бенефит од овој проект.

2.„Мапирање на рекреативна велосипедска патека со поставување на вертикална сигнализација - с. Кучково, Општина Ѓорче Петров“, реализиран во август 2022, со вкупна вредностна реализација: 4.739.126,00 ден.

Проектот освен инфраструктурен значај е и во функција на менаџирање на регионална туристичка детинација во с.Кучково, општина Ѓорче Петров. Се работи за кружна велосипедска патека со вкупна дожина од L=4.474, 25m' и широчина од 2m која почнува од резервоарот за вода – на врвот до крстот во с.Кучково (надморска височина на

почетокот од велосипедската патека е 690m), а продолжува низ ниско стебleста и борова шума покрај црквата Св.Танасије. Ова е средно-лесна патека која се води по постојната пешачка патека, има брдовит терен со спустови и успони на кратки должини. Проектот создаде нова димензија и намена на постоечкото излетничко место со нови услуги за нови корисници од Општината Ѓорче Петров, Град Скопје, како и цела Р.С.Македонија. Односно, целосно се преуреди и оплемени постоечкиот капацитет и се создаде нова урбана целина која ги обедини и поврза културните знаменитости и локалитети кои ги нуди с.Кучково. Индиректно проектот со дестинацијата влијае на зголемен број на посетители, зголемено присуство на мали и средни претпријатија, трансфер на знаења од развиените земји и регионална соработка во насока на планирање на руралниот развој и руралниот туризам, како и на потребата од заштита на животната средина на територијата на општина Ѓорче Петров и општини кои граничат со неа и градот Скопје.

- Мерка 1.4.2 - Подобрување на мобилноста
  **нема реализирани активности**
- Мерка 1.4.3 - Е-владеење
  **нема реализирани активности**

**<u>Приоритет 1.5 - Рурален и земјоделски развој</u>**

- Мерка 1.5.1 - Подобрување и развој на инфраструктурата за земјоделството и општествено социјален живот во руралните средини
  **нема реализирани активности**
- Мерка 1.5.2 - Промоција на здружена соработка за развој наиндустријата и институциите во руралните средини
  **нема реализирани активности**

**<u>Приоритет 1.6 - Подрачја со специфични развојни потреби</u>**

- Мерка 1.6.1 - Основна инфраструктура
  **нема реализирани активности**

**<u>Приоритет 1.7 - Регионална компонента за просторно планирање</u>**

- Мерка 1.7.1 - Изработка и донесување на просторни и урбанистички планови во Скопскиот плански регион
  **нема реализирани активности**
- Мерка 1.7.2 - Зголемени капацитетите на Центарот за подобрување на просторни и урбанистички планови
  **нема реализирани активности**

**Стратегиска цел 2 - Развиен човечки капитал кој одговара на потребите на пазарот на труд, обезбеден повисок степен на родова еднаквост и подобрена здравствена и социјална заштита**

**<u>Приоритет 2.1 - Зголемување и подобрување на училишната инфраструктура</u>**

- Мерка 2.1.1 - Реконструкција на образовни институции/објекти
  **нема реализирани активности**
- Мерка 2.1.2 - Поддршка за подготовка на проекти
  **нема реализирани активности**

- Мерка 2.2.1 - Подобрување на комуникацијата помеѓу образовните институции и приватниот сектор

1. „Поддршка на образовниот процес и стимулирање на дигиталните вештини на учениците во основните училишта во Општините Аеродром, Карпош и Кисела Вода", со кој учениците од опфатените училишта од трите општини добија вкупно 54 интерактивни дигитални табли за поубаво, полесно и современо школување. Проектот е реализиран во јуни, 2022г. со вкупна вредност од 4.426.919,93 ден.

2. „Поттикнување на претприемништво со подобрени вештини преку иновативно учење". Проектот беше финансиран од ЕУ преку Ерасмус плус програмата. Во рамките на проектот 18 ученици од 3 средни стручни училишта имаа мобилност и практична обука во Лајбциг, Германија. Во рамките на проектот се спроведе истражување во перидот од јануари до март 2022 со цел идентификување на практичните знаења на учениците кои учествуваа на мобилноста. Податоците од спровеното истражување беа презентирани во рамките на документот "Прирачник за поттикнување на претприемаништво преку иновативно учење". Проектот заврши во мај 2022 со завршна конференција која се одржа во ЕУ House на ден 19.05.2022г. Вредноста на проектот изнесуваше 45.003,00 евра.

- Мерка 2.2.2 Поддршка и стимулирање на талентирани деца

,,Отварање на Дневен центар за работа со талентирани ученици од основните училишта во Општина Центар, Општина Кисела Вода и Општина Карпош во вкупна вредност 6.000.000,00 мкд.
Фаза 1: Изработка на основен проект за реконструкција /адаптација на простории во ОУ,,Димитар Миладинов со ревизија. (во вредност од 180.000,00мкд)
Фаза 2: Реконструкција и адаптација на објект (во вредност од 2.850.000,00мкд и 180.000,00мкд – надзорен орган) Проектот целосно ќе се реализира во 2023 година.
Фаза 3: Опрема за кабинети (физика, хемија, биологија, уметности, музика, информатика), во вредност од 2.790.000,00мкд. Проектот целосно ќе се реализира во 2023 година.

**<u>Приоритет 2.3 - Зголемување и подобрување на здраствената и социјалната заштита</u>**

- Мерка 2.3.1 - Подобрување на условите за престој во образовните институции за лица со посебни потреби

„Изградба на Дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост" – носител на проектот е ЦРСПР, локацијата е во Општина Газибаба, партнери се општините Гази Баба, Бутел и Илинден, а ќе се реализира во вкупен износ од 10.479.875,00мкд согласно Договор со економски оператор за изведба и договор со надзор над изведба со износ од 231.488,81мкд. Со проектот се овозможуваат социјални, здравствени и образовни услуги и се превземаат активности за подобрување на условите за престој во објектите кои пружаат социјални услуги од регионално значење. Проектот целосно ќе се реализира во 2023 година.

- Мерка 2.3.2 - Поддршка за отворање градинки и домови за стари лица

**нема реализирани активности**

- Мерка 2.3.3 - Подобрување на условите за маргинализирани и други ранливи групи на граѓани

  **нема реализирани активности**
- Мерка 2.3.4. - Унапредување на здравствената заштита и достапноста на

здравствените услуги во планските региони
**нема реализирани активности**

**Приоритет 2.4 - Обезбедување повисок степен на родова еднаквост во планските региони**

- Мерка 2.4.1 - Идентификација на родовите прашања и нивната примена во процесот на социјална заштита и социјална работа
  **нема реализирани активности**
- Мерка 2.4.2 - Воспоставување на јасни механизми за соработка и размена на информации помеѓу општините, центрите за социјална работа и граѓанскиот сектор
  **нема реализирани активности**
- Мерка 2.4.3 - Подобрување на засолништа/ центри за жртви на родово насилство
  **нема реализирани активности**

**Среднорочна цел 3 - Подобрен квалитет на Животната средина во Скопскиот регион**

**<u>Приоритет 3.1 - Комунална инфраструктура</u>**

- Мерка 3.1.1 - Развој на системите за водоснабдување
  **нема реализирани активности**
- Мерка 3.1.2 - Подобрување на системите за одведување и прочистување на отпадните води и развој на системи за одведување на атмосферските води
  **нема реализирани активности**

- Мерка 3.1.3 - Регионално управувањето со отпад

TIEX (ТАИЕКС) Дводневна работилница за Управување со отпад и развој на локална економија која се одржа од 15-16 јуни 2022 во Скопје, хотел Александар Палас, организарана од страна на Центарот за развој на Скопски плански регион во соработка со TAIEX LTA – техничка поддршка за локалните власти и Секретаријатот за Европски прашања.

Работилницата беше организирана со хибриден модел, со физичко присаство и он-лајн. На истата 110 претставници на министерствата, локалната самоуправа, јавните комунални претпријатија, академската и бизнис фела, како и претставници на граѓанските здруженија дискутираа за ефикасно управување со отпад, зелени јавни набавки и циркуларната економија со 12 меѓународни и домашни експерти/панелисти со цел подобрување на локалната економија и заштита на животната средина.

Целта на работилницата беше да се споделат политиките и практичните мерки на ЕУ за развој на одржлива, ефикасна во однос на ресурсите и конкурентна локална економија во рамките на Зелениот договор. Се презентираа добри практики како и совети и насоки за неколку области од Акциониот план за циркуларна економија (CE) со цел да се поддржи развојот на циркуларни системи за управување со отпад во различни општини во Северна Македонија.

TIEX (ТАИЕКС) Експертска мисија за Управување со отпад и развојна локална економија. Одржани се работилници во чиј фокус беше управувањето со отпад.

Настанот се одржа како 3 дневна online конференција. Темата предизвика огромен

интерес и присуство од сите релевантни институции кои се бават со креирање политики и развој во оваа насока. Експертите преку директен пример од Италијанската општина Капанори ја презентираа улогата на општините во процесот на спроведување на циркуланата економија како можност во успешно справување со отпадот, но и како можност за зголемување на локалната економија, преку повторна употреба на ресурсите која доведува не само до намалување на отпадот туку и до креирање на нови услуги, а со тоа и до нови работни места. Работилниците за дисеминација на искуствата и пратиките преку мисијата TAIEX, чија организација беше спроведена од тогашниот Координатор, сега ВД Директор на ЦРСПР, се покажаа како добра можност за соработка и продуктивни проекти во насока на управуваето на отпадот.

https://skopjeregion.gov.mk/2022/06/16/uspeshno-realizirana-prvata-rabotilnicza-upravuvane-so-otpad-i-razvoj-na-lokalnata-ekonomija/

https://skopjeregion.gov.mk/2022/11/28/taieks-ekspertska-misija-za-upravuvane-so-otpad-i-razvojna-lokalna-ekonomija/

**Приоритет 3.2 - Климатски промени и заштита на воздухот**

- Мерка 3.2.1 - Намалување на загадувањето на воздухот
  **нема реализирани активности**
- Мерка 3.2.2 - Одржливо користење на енергија
  **нема реализирани активности**
- Мерка 3.2.3 - Гасоводна дистрибутивна мрежа
  **нема реализирани активности**

**Приоритет 3.3 - Заштита на природата и биодиверзитет**

- Мерка 3.3.1 - Заштита на природата, воспоставени заштитни подрачја и воспоставување на нови зелени површини
  **нема реализирани активности**
- Мерка 3.3.2 - Потикнување на заштита на биодиверзитетот
  **нема реализирани активности**
- Мерка 3.3.3 - Заштита на водните ресурси и почвата
  **нема реализирани активности**

**Приоритет 3.4 - Спроведување на мерките за ублажување и адаптација кон климатските промени дефинирани во усвоени стратешки документи за клима**

- Мерка 3.4.1 - Подготовка на проекти за ублажување и адаптација кон климатските промени дефинирани во усвоени стратешки документи за клима и национално и локално ниво
  **нема реализирани активности**
- Мерка 3.4.2 - Подготовка на стратегии за климатски промени во општините во регионот
  **нема реализирани активности**
- Мерка 3.4.3 - Подготовка на планови за управување со други ризици
  **нема реализирани активности**

**Приоритет 3.5 - Санирање на трите идентификувани жешки точки и последиците од индустриско загадување во СПР**

- Мерка 3.5.1 - Подготовка на проекти за ремедијација на локалитети на идентификувани жешки точки во СПР и-или учество во започнати проекти
  **нема реализирани активности**

- Мерка 3.5.2 - Спроведување на иновативни решенија за минимазирање на количините на загадувачки материи во почвата во околината на идентификуваните жешки точки (соработка со академски институции и приватен сектор )
  **нема реализирани активности**
- Мерка 3.5.3 - Активно учество на општините и СПР при донесување на правните акти за контаминирани подрачја.
  **нема реализирани активности**

**Среднорочна цел 4: Одржливо користење на природното и културното наследство, во функција на туризмот**

**<u>Приоритет 4.1 - Зајакнување на капацитетите и партнерствата во функција на искористување на природното и културното наследство со цел развој на туризмот</u>**

- Мерка 4.1.1 - Зајакнување на човечките ресурси во туризмот, подигање на јавната свест, градење и зајакнување на капацитетите на локално ниво

Поддршка од ЦРСПР преку соработка со Општина Сарај и здружението Зип Институт во настан со туристички импакт преку промоција на традицијата - лозарството во с. Бојане и на Скопскиот регион, со цел развој на рурален туризам и намалување на диспаритетите меѓу општините. Настанот се вика „Фестивал на грозјето - Бојане", а ЦРСПР заедно со другите поддржаватели, Град Скопје, Еу Делегација и други институции и компании од приватниот сектор, доби видливост и промоција како и Плакета и Благодарница за поддршката. Фестивалот има традиција во стимулирање на руралниот туризам преку гроздобер и фолклор, а ЦРСПР учествуваше со поддршка во 6-тата едиција, во која беа зајакнати капацитетите и партнерствата во функција на туризмот и подигната свеста за капацитетите преку организиран настан.

https://www.facebook.com/SkopskiPlanskiRegion/posts/2227313137449675/

- Мерка 4.1.2 - Воведување на интегриран систем за евиденција на туристи
  **нема реализирани активности**
- Мерка 4.1.3 - Стимулирање на појава на кластер на туризам
  **нема реализирани активности**
- Мерка 4.1.4 - Активна примена на јавно – приватно партнерство
  **нема реализирани активности**

- Мерка 4.1.5 - Развој на туризмот во Скопскиот Плански Регион во функција на менаџирање со туристичката дестинација

Поддршка со информации за Анализа за дестинацијата „Отворен Балкан"

Врз база на препорака од канцеларијата на Јапонската агенција за развој и соработка - JICA, ЦРСПР преку координаторот за туризам, култура и спорт, избран од регистарот на лица кои биле на обуки за развој на туризам, спроведени од Секретеријат за Европски прашања - СЕП, а реализирана од JICA, е контактиран и консултиран за придонес со податоци за национални, пост-ковид стратегии, програми и спроведени анализи за состојбите на туризмот во Р.С.Македонија, за потребите на дестинацијата „Отворен Балкан" за кој се спроведува меѓународна „Анализа за туризмот во 6-те земји од Западен Балкан", во кои спаѓа и Р.С. Македонија. Врз база на комуникација и придонесот во анализата, Центарот се вмрежи со надлежните институции и

претставници од државниот и приватниот сектор, со цел да придонесе во детектирање на регионалните капацитети кои се предмет на интерес и во рамките на националните и меѓународните дестинации во кои влегуваат и регионалните и локалните дестинации.

- Мерка 4.2.1–Изготвување на урбанистичко – планска документација

  **нема реализирани активности**

**<u>Приоритет 4.2 – Подобрување на туристичката инфраструктура</u>**

- Мерка 4.2.2 – Обезбедување на туристичка инфраструктура, пешачки и велосипедски патеки до туристчки локалитети и опрема до туристичките атракции

1. „Изградба на Културо – рекреативен центар Плоштад Јустијан I", во фаза на реализација, од Агенција за финансиска подршка во земјоделието и руралниот развој, обезбедени се средства во вкупна вредност од 19.079.442,00 денари. Партнер во проектот е Општина Зелениково која придонесува финансиско учество во износ од 3.972.037,00 денари.

Со проектот ќе се подобри и атрактивизира регионалната дестинација, која е истовремено и национална дестинација заради историскиот значај на светската мапа како родно место на императорот Јустинијан I. Дестинацијата ќе се подобри и збогати со дополнителен капацитет – плоштад кој ќе биде додадена вредност за уживањето во посетата од страна на туристите. Проектот целосно ќе се реализира во 2023 година

2. Преку Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој, мерка – 321 - Развој на јавна инфраструктура во рурални средини/ точка 6—Инвестиции во објекти и опрема за домови за деца и млади, домови на култура во населени места во рурални средини, Центарот за развој на Скопски плански регион го реализираше проектот ''Изградба на Дом на културата"- Општина Сопиште. Општина Сопиште е рурална општина и на нејзината територија преовладува трендот на висока миграција односно миграција од град во село, со високо зголемување на популацијата која живее.

Поради тоа реализацијата на овој проект е од особено значење како за жителите на општината, така и за сите останати жители на градот Скопје и околните општини.

За реализација на проектот од страна на Агенција за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој, обезбедени се средства во вкупна вредност од 6.458.197,00 мкд. Партнер во проектот е Општина Сопиште која финансиски учествува со износ од 1.235.499,00 мкд. Договор со економски оператор ДГПП Пирамид Билдинг Солушнс Дооел во вредност од 7.693.696, 00 мкд. Проектот целосно ќе се реализира во 2023 година

- Мерка 4.2.3 - Подобрување на сигнализација и визуализација на туристички атракции

  **нема реализирани активности**

- Мерка 4.2.4 - Користење на инвестициски фондови за ревитализација, конзервација и заштита на природното и културното наследство

  **нема реализирани активности**

**<u>Приоритет 4.3 - Дизајнирање на препознатлива регионална туристичка понуда</u>**

- Мерка 4.3.1 - Поддршка на туристичките оператори за дизајнирање на регионална туристичка понуда во која ќе бидат вклучени повеќе видови на туризам

Учество во Анализа: На барање на Агенција за поддршка и промоција на туризам, дадени се категоризитрани податоци – список на завршени и аплицирани проекти од областа на туризмот и туристичката инфраструктура, во рамки на Скопскиот плански регион, кои учествуваат во анализа и истражувања за Новата национална стратегија

која вклучува и дизајнирање на национална туристичка понуда, со стратешко поклопување во националната и со препознатлива регионална туристичка понуда.

- Мерка 4.3.2 - Развој на гастрономска понуда со потенцирање на македонската традиција
  **нема реализирани активности**
- Мерка 4.3.3 - Промоција на природното и културното наследство
  **нема реализирани активности**

**Доколку во некоја Мерка нема реализирани активности, мерката не се испушта или прескокнува, туку останува на листата со целиот свој назив при што во продолжение се пишува: "нема реализирани активности".**

**Листата на реализирани проекти/активности продолжува се до целосно исцрпување на сите стратегиски цели, приоритети и мерки утврдени во Програмата за развој на планскиот регион.**

На крајот на овој дел се наведува вкупната бројкана реализиранипроекти/активности во рамките на секоја стратегиска цел, како и збирната бројка на реализиранипроекти/активности по основ на сите стратегиски цели заедно.

- Центарот за развој на Скопски плански регион во 2022 година во рамките на стратегиските цели реализираше вкупно 5 проекти:

1. „Рехабилитација на дел од ул.„Александар Урдаревски" во КО Горно и Долно Оризари",Општина Шуто Оризари.
Проектот соодветствува на Првата Среднорочна цел: Подобрена атрактивност и конкурентност на регионот преку потикнување и развој на МСП, носечките индустрии и развој на модерна инфраструктура, и Приоритет 1.4 Подобрување на транспортот и развој на транспортната и комуникациската инфраструктура

2.Мапирање на рекреативна велосипедска и пешачка патека со поставување на вертикална сигнализација - с. Кучково, Општина Ѓорче Петров.
Проектот соодветствува на Првата Среднорочна цел: Подобрена атрактивност и конкурентност на регионот преку потикнување и развој на МСП, носечките индустрии и развој на модерна инфраструктура, и Приоритет 1.4 Подобрување на транспортот и развој на транспортната и комуникациската инфраструктура.

3.„Поддршка на образовниот процес и стимулирање на дигиталните вештини на учениците во основните училишта во Општините Аеродром, Карпош и Кисела Вода",
Проектот соодветствува на втората Среднорочна цел: Развиен човечки капитал кој одговара на потребите на пазарот на труд, со обезбеден повисок степен на родова еднаквост и подобрена здравствена и социјална заштитаи на Приоритет 2.2 - Зголемување на капацитетите во образовниот сектор.

4. TIEX (ТАИЕКС) Дводневна работилница за Управување со отпад и развој на локална економија која се одржан од 15-16 јуни 2022 во Скопје, хотел Александар Палас, организаран од страна на Центарот за развој на Скопски плански регион во соработка со TAIEX LTA – техничка поддршка за локалните власти и Секретаријатот за Европски прашања. Проектот е Експертска мисија за Управување со отпад и развој на локална економија. Настанот е заокружен со реализација на 3 дневна online конференција. Припаѓа на Третата Среднорочна цел: Подобрен квалитет на

Животната средина во Скопскиот регион, во приоритетот 3.1 Комунална инфрструктура, Мерка 3.1.3 - Регионално управувањето со отпад

5.“Поттикнување на претприемништво со подобрени вештини преку иновативно учење”. Проектот беше финансиран од ЕУ преку Ерасмус плус програмата. Во рамките на проектот 18 ученици од 3 средни стручни училишта имаа мобилност и практична обука во Лајбциг, Германија. Проектот е во Втората Стратешка Среднорочна цел: Развиен човечки капитал кој одговара на потребите на пазарот на труд, обезбеден повисок степен на родова еднаквост и подобрена здравствена и социјална заштита, Приоритет 2.1 Зголемување и подобрување на училишната инфраструктура, Мерка 2.2.1 - Подобрување на комуникацијата помеѓу образовните институции и приватниот сектор

Покрај тоа, одделно се наведува и вкупниот број на подготвени проектни апликации од страна на Центарот за развој за извештајната година, како и податокот за бројот на прифатени апликации од вкупно подготвените од Центарот за развој.

- Центарот за развој на Скопски плански регион во 2022 година аплицираше на вкупно 12 проекти, од кои 8 се веќе одобрени и за 4 сеуште нема конкретен одговор.

Проектите се приоретизираат на годишна приоритетна листа, со можност за реализација и на оние кои се на листа на чекање односно резервна листа. Аплицирани до Бирото за регионален развој/МЛС за 2022/2023 година.

1. Рехабилитација на регионален пат Маџари - Хиподром - Илинден
2. Изградба на Детска градинка клон на ЈОУДГ Авионче Петровец со Сензорна Соба
3. Набавка на противпожарно возило за Општина Зелениково
4. Конзервација и реставрација на калдрма на ул. Папуџиска во Скопска чаршија со поставување на урбана опрема
5. Изработка на техничка документација за Стар Качанички пат
6. Реконструкција на ул. Александар Урдаревски, 2-ра фаза
7. Домот на култура (кино) “ Билјана Беличанец” – ДОМ ЗА СИТЕ НАС (фазен проект)

Проекти аплицирани во Програма „Одржлив инклузивен рамномерен развој- фаза II“, поддржана од Швајцарска агенција за развој, од кои само еден е одобрен.

1. „Приказната продолжува“ - Центар за рехабилитација на деца заболени од рак – с. Кучково
2. Дом на култура (кино) “ Билјана Беличанец” – ДОМ ЗА СИТЕ НАС
3. Изградба на Детска градинка клон на ЈОУДГ Авионче Петровец со Сензорна соба

Проекти аплицирани во ИПА 2 Програмата за преку–гранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија

4. **„Opportunity4you“** ИПА прекугранична соработка со Србија со партнерите “Center for knowledge management ”, Јабланичко-Пчински регион и Општина Власотинце од Р.Србија

Проекти аплицирани во Програмата TIEX (ТАИЕКС)

5. TIEX (ТАИЕКС) Експертска мисија за Управување со отпад и развојна локална економија.Одржани се две работилници во чиј фокус беше управувањето со отпад.

## 1. Обезбедување транспарентност во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааат податоците за остварените резултати во делот на транспарентноста во реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион.

Во однос на официјалниот портал на Центарот за развој треба да се наведе општа оценка за неговата функционалност и за достапноста на целосната релевантна документација врзана за работата на Центарот за развој, Советот за развој и за реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион. Исто така, овој дел треба да ги содржи следниве податоци: колку вкупно нови содржини се поставени на страницата во текот на извештајната година; колку содржини се ажурирани; колкав е бројот на посети на страницата; кои и какви се најчестите барања и коментари на посетителите.

Во овој дел се дава и кус наративен осврт на медиумското покривање на активностите за реализација на Програмата за регионален развој за извештајната година.

Притоа, покрај освртот за активностите и присуството на традиционалните медиуми - локални, регионални и национални радио, ТВ и печатени медиуми, се дава посебен осврт и за покривањето на активностите за реализација на Програмата на социјалните мрежи. Во таа насока, се цени активното присуство и влијание на социјалните мрежи преку користењето на сопствени Facebook, Instagram и Twitter профили на Центарот, како и на сопствен Youtube канал на Центарот.

Центарот за развој на Скопски плански регион својата промоција и транспарентност на работењето ја врши преку веб страна: https://skopjeregion.gov.mk/ и преку facebook страна: https://www.facebook.com/SkopskiPlanskiRegion/ како и на facebook страната на Бизнис центарот https://www.facebook.com/Biznis-centar-Skopski-planski-region

Во 2022 година facebook профилот на ЦРСПР имаше зголемена видливост за 6230 посети односно 38,5%, вкупно следбеници изнесуваа 1019, facebook профилот на Бизнис Центар профилот бележи 17,806 посети, а зголемената посета на ФБ беше поттикната од бустирани видеа. Вкупниот број на следбеници на facebook профилот на Бизнис Центар изнесуваат 485, до крајот на 2022.

Во 2022 година објавени се вкупно 99 активности од страна на Центарот за развој на Скопски плански регион.

Во текот на 2022, година беа реализирани повеќе промотивни активности во насока на афирмација на ЦРСПР.

1.Спроведено радио интервју за “Националната платформа за женско претприемништво” одржано на 31.01.2022. Презентирани активности на Бизнис центарот, спроведувањето на менторските активности поврзани со ФИТР, имплементацијата на проектот Erasmus во соработка со трите средни училишта како и споведувањето на стратешки документи од ЦРСПР.

2. Потпишување на Декларација за поддршка на женско претприемништво и одржани состаноци за десеминација на активности од проектот со следните општини : Општина Сопиште, Општина Карпош, Општина Центар, Град Скопје, Општина Чучер Сандево, Општина Кисела Вода, Општина Шуто Оризари. Посетата на општините се одвиваше во периодот од 01.02-28.02.2022

5. "Обука за паметна специјализација". Обуката беше финансиски поддржана од страна МЛС и СДЦ во рамките на проектот ОИРРР- 2

6. ЦРСПР учесник на еднодневна обука за кризен менаџмент на ден 30.03.2022 во организација на ИФЕС

7. Спроведување на завршен настан за реализација на проектот "Поттикнување на претприемништво со подобрени вештини преку иновативно учење" во рамките на Ерасмус програмата. Настанот се одржа на 19.05.2022 во просториите на ЕУ House.

8.ЦРСПР, организатор на национална ТАИЕКС работилницаза Управување со отпад и развој на локален економских. Александар Палас (14.06-15.06.2022).

9.Регионален форум на тема "Дигитализација и нови можности за женското претприемнишво" во х. Хилтон во организација на хабот на Скопскиот плански регион во рамките на Националната платформа за женско претприемништво.

10.ЦРСПР со учество на информативен настан за презентација на грантова шема на Словенска Амбасада во Р.С.Македонија.

11. Учество на ЦРСПР "Обука за редовна и одржлива примена на алатките за зајакната транспарентност преку креирање на социјалните медиуми" во организација на Швајцарска агенција за развој и соработка/Министерство за локална самоуправа. Обуката се одржа во просториите на Стопанска Комора на Р.С. Македонија

12. ЦРСПР учесник на "Камп за иновации" 14-15.11.2022 во организација на Junior Achievement Македонија. Оваа актувност е во рамките на потпишаниот Меморандум за разбирање помеѓу БЦ на СПР и Junior Achievement Македонија

13. ЦРСПР дел од Годишен Самит на Националната платформа за женско претприемништво. Во рамките на самитот беа доделени награди за успешни млади претприемачки и лидерки.

14. Тродневна регионална TAIEX експертска мисија – Зајакнување на капацитетите на локалнат администрација во Скопскиот регион во управување со отпад и циркуларната економија ( 28-30.11.2022)

15.Во рамки на проектот ОИРРР- 2,Обука за комуникациски вештини (06.12.2022 во организација на ЦРСПР)

16.Во рамките на Годишна работилницана проектот Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - 2 фаза, беа реализирани презентации за работата на осумте регионални центри, за бизнис центрите и за нивното претставување на регионалниот имиџ преку локални брендови, храна и се што е специфично за вкусот на регионот.

СЕРТИФИКАТИ: /

Презентираното треба и прецизно да се квантифицира, на начин како што е прикажано во Табеларниот дел на Годишниот извештај во Табеларниот приказ D.

## 2. Обезбедување партиципативност во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааат податоците за остварените резултати во делот на партиципативноста, како едно од законски дефинираните начела на политиката на рамномерен регионален развој.

Потребно е да се даде посебен осврт на подготовката, одржувањето и резултатите од работата на регионалните форуми на заедницата. Притоа, треба да се наведе бројот на одржани регионални форуми, вкупниот број на учесници во регионалните форуми, просечниот број на учесници по одржан регионален форум, како и податоците за структурата на учесниците.

Исто така, потребно е да се наведе и процентниот удел на проекти кои се избрани на форуми од вкупниот број на реализирани проекти од страна на Центарот за развој на планскиот регион.

Покрај тоа, за делот на проектите и активностите каде не се реализирани регионални форуми на заедницата треба да се наведе: дали, какви и во колку случаи се применети некои други алатки или механизми на партиципативност.

Центарот за развој на Скопски плански регион ги реализираше двете форумски сесии од Грантовата шема, одржани на 15/03/2022 и 28/04/2022. На настаните учествуваа претставници од општините, граѓанскиот сектор, бизнис секторот, јавни институции и академски сектор. Вкупен број на учесници на двете форумски сесии изнесува 123 (60 учесници на првата и 63 учесници на втората сесија) од кои 51 маж и 72 жени. На форумските сесии учество земаа и 9 претставници на ранливите групи.

На форумските сесии се изврши идентификација и дефинирање на приоритетни регионални проблеми поврзани со избранатите стратешки области и подобласти за развој со кои се соочува планскиот регион за проекти финансирани од Грантовата шема и од МЛС/БРР.

Форумските сесии вклучуваа предлог проекти за две програми: Грантова шема што се реализира со финансиска поддршка на МЛС и Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) и Програмата за регионален развој поддржана од БРР и МЛС.

По изборот на приоритетните области и дадените предлози, се избраа 3 предлог проекти за аплицирање преку Грантовата шема. На крајот Проектната кацеларија за реализација го избра проектот "Приказната проедолжува", предложен од општина Ѓорче Петров. Проектор е во фаза на јавна набавка.

По изборот на приоритетните области и дадените предлози за аплицирање во БРР/МЛС се избраа 7 предлог проекти, од кои 5 беа одобрени од страна на комисијата на БРР/МЛС и тоа:

На 10/11/2022 и 27/12/2022 Центарот за разој на Скопски плански регион ги реализираше и преостанатите две форумски сесии за утврдување на предлог – листа на проекти за развој на планските региони. Во овој форумски цикус се идентификуваа

проблеми и се дефинираа предлог решенија за проекти што ќе бидат поддржани од Програмата за рамномерен регионален развој на БРР/МЛС за 2023/2024 година, со поддршка на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) за спроведување на регионалните форуми.

На форумските сесии имаше претставници на општините, јавните институции, општинската администрација, бизнис секторот и граѓанските здруженија. Вкупниот број на учесници на двете форумски сесии изнесува 92 (52 лица учествуваа на првата форумска сесија , а 40 на втората) Од нив 49 мажи и 43 жени, како и еден претставник од ранливите групи.

Согласно идентификуваните клучни проблеми и препораки од првата форумска сесија подготвени се 10 предлог – проекти. На 20.12.2022 година, Советот за развој на Скопскиот плански регион одржа седница на која одлучи од 10 презентирани концепти од страна на надворешниот експерт, понатаму да се развиваат 7 концепти за аплицирање на Програмата за рамномерен регионален развој на БРР/МЛС.

По форумските одлуки и приоритетизацијата на предлог концептите од Грантовата шема, надворешен експерт во соработка со ЦРСПР и предлагачите подготвуваат предлог проекти кои ќе бидат презентирани пред Советот за развој на СПР, а по нивната одлука т.е. подготовка на Приоритетната листа истите ќе бидат доставени до соодветната Комисија за евалуација при БРР/МЛС.

По завршување на изборот од страна на донаторите, реализацијата на одобрените проекти ќе биде спроведена во период 2023/2024 г.

## 3. Обезбедување социјална инклузивност во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааат општата оценка и збирните податоците за придонесот и остварените резултати во делот на социјалната инклузија во реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион.

| ред. број | проект / активност | компонента на социјална инклузивност | индикатор/и |
|---|---|---|---|
| 1. | „Мапирање на рекреативна велосипедска и пешачка патека со поставување на вертикална сигнализација-с. Кучково", Општина Ѓорче Петров" | Активности за развивање на креативните и вкупните потенцијали кај опфатени целни групи:<br>-Долгорочно невработени лица<br>-Останати лица во социјален ризик | Намалување на стапката на невработеност<br>Намалување на стапката на ризик од сиромаштија |
| 2. | Проект „Ерасмус плус програма, Поттикнување на претприемништво со подобрени вештини преку иновативно учење" | Овој проект дава можност за социјална инклузивност во рамките на вклучување на ученици на мобилност во Германија за практична обука од социјално загрозени семејства. Дополнително беше спроведено истражување кое опфаќаше ученици од рурални средини и вулнерабилни семејства | Ученици од рурални средини, ученици од самохрани родители, ученици од различни етнички групи |
| 3. | „Изградба на Дневен центар за лица со интелектуална и телесна | Опфатени се деца со попреченост и возрасни лица со попреченост за: обезбедување на повисоко ниво на социјална заштита, обезбедување на | Подобрен квалитет на живот и интеграција на лицата со интелектуална и телесна попреченост и нивните |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | попреченост", Општина Гази Баба | дополнителни социјални услуги, активности за интеграција во заедницата, активности за развивање на креативните и вкупните потенцијали | семејства |
| 4. | „Рехабилитација на дел од ул.,,Александар Урдаревски" во КО Горно и Долно Оризари",Општина Шуто Оризапи | Опфатени се долгорочно невработените лица, лица - припадници на заедниците.<br>Овој проект придонесува многу во врска со социјалната инклузија во однос на подобрените услови за живот и интегрирање на заедниците и вклучување во социоекономскиот развој. Исто така со подобрената сообраќајна инфраструктура делуваме и врз социјално ранлива група, а тоа се долгорочно невработените лица кои живеат во многу голем број во овие три општини. Подобрената сообраќајна инфраструктура има директно влијание врз овие две групи на лица со што им се олеснува комуникацијата со јавните институции и воедно се зголемува мобилноста полесно да стигнуваат до одредени локации. Побрзиот и пофрекфрентниот пристап на овие лица придонесува за полесно стигнување до пазарот на трудот како и полесно комуницирање со институциите давачи на услуги за социјално ранливите групи. | Намалување на процентите во трите општини:Шуто Оризари 66.2 % и Чучер Сандево43,05%Бутел 31,6% |
| 5. | „Поддршка на образовниот процес и стимулирање на дигиталните вештини на учениците во основните училишта во Општина Аеродром, Општина Карпош и Општина Кисела Вода", Општина Аеродром | Проектот ги опфаќа како идентификувана група лицата во социјален ризик, а во општествената област ги стимулира активностите за развивање на креативните и вкупните потенцијали.<br>Воведувањето на дигиталните табли во училиштата и набавката на дигитални уреди за семејствата со пониски приходи е премногу скапа и со тоа недостапна за децата од тие семејства, а со нивната набавка се решава проблемот со недостаток на дигитална писменост и едукација преку современи образовни методи, со што би се отворила можноста да се интегрираат подеднакво со знаење на пазарот на трудот. | -Ученици со стекнати вештини,со вредност од 1350 субјекти<br>-Наставници со подобрени дигитални вештини со вредност од 95 субјекти, односно 70% од наставниците употребуваат дигитални табли во програмата и со тоа активно учествуваат во современ образовен процес |
| 6. | „Отварање на Центар за работа со талентирани ученици од основните училишта", Општина Центар | Проектот ја опфаќа општествената област со активности за развивање на креативните и вкупните потенцијали и овозможува развој на секое талентирано дете што представува значаен трошок за семејството, доколку истото треба да плаќа за дополнителните активности за да го унапредува своето знаење. | -Идентификувани талентирани деца<br>-Дополнителен број на средби/натпревари на талентирани деца<br>-Зголемено ниво на стекнати знаења на талентирани деца<br>-Освоени награди<br>-Постигнати резултати на талентирани деца во различни области |
| 7. | Изработка на проектна документација за кејско уредување на брегот на Маркова река, како и уредување на коритото во должина од 10км., Општина Кисела Вода | Обработливото земјоделско земјиште кое моментално е загрозено од излевања на коритото на Маркова Река, претставува единствен извор на приходи за голем дел од жителите во трите општини. Со проектот ќе се намали опасноста од поплавите и тие семејства ќе имаат можност за креирање на стабилен приход. Намалувањето од поплавувањето на објектите кои се иградени во близина на реката ќе овозможи подобри здравствено-хигиенски услови за жителите, а се заедно | -Подобрен социјален развој и инклузивна интеграција во рекреативниот процес<br>-Обезбедување на здрава животна средина како предуслов за рамномерен економски и социјален развој во опфатеното регионално подрачје. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ќе придонесе за подобрување на квалитетот на животот на жителите во трите општини. | |
| Табеларниот приказ продолжува се до целосното исцрпување на листата на проекти и активности кои се реализираат во извештајната година каде носител е Центарот за развој на планскиот регион | | | |

Покрај општата оценка за остварениот напредок во овој домен, потребно е да се даде и кус и прецизен опис како точно е остварена компонентата на социјална инклузија при реализацијата на секој одделен проект каде носител е Центарот за развој на планскиот регион, на следниов начин:

| ред. број | проект / активност | компонента на социјална инклузивност | индикатор/и |
|---|---|---|---|
| 1. | Мапирање на рекреативна велосипедска и пешачка патека со поставување на вертикална сигнализација-с. Кучково", Општина Ѓорче Петров | Зголемената посетеност ќе придонесе во промоција и афирмација на локалитетот, а со тоа и зголемување на потребата од дополнителни услуги, што ќе доведе до отварање на нови работни места и намалување на стапката на невработеноста во руралната средина. Со ова ќе се создадат услови за сите долгорочно невработени лица од оваа рурална област и/или лица кои претежно се занимавале со земјоделие да може да ги развијат своите потенцијали и вештини за да ги приспособат на новите потреби, претежно во услужните дејности или во мали-средни претпријатија.<br>Подобрување на нивната материјална страна ќе допринесе и за нивна поголема вклученост во развојот на заедницата, а со тоа и до подобрување на целокупниот квалитет на животот во руралната средина.<br>Создавање на подобри економско-социјални услови во руралната средина ќе има влијание и врз родовата еднаквост. | -Отварање на нови работни места и намалување на стапката на невработеноста<br>-Услови за сите долгорочно невработени лица од оваа рурална област и/или лица кои претежно се занимавале со земјоделие да може да ги развијат своите потенцијали и вештини за да ги приспособат на новите потреби, претежно во услужните дејности или во мали-средни претпријатија.<br>-Подобрување на целокупниот квалитет на животот во руралната средина |
| 2. | Проект „Ерасмус плус програма, Поттикнување на претприемништво со подобрени вештини преку иновативно учење" | Овој проект дава можност за социјална инклузивност во рамките на вклучување на ученици на мобилност во Германија за практична обука од социјално загрозени семејства | Ученици од рурални средини, ученици од самохрани родители, ученици од различни етнички групи |
| 3. | „Изградба на дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост", Општина Гази Баба | Унапредување на капацитетите за социјална инклузија на целните групи. Преку нивно згрижување, едукација и стекнување на работни вештини, ќе им се овозможи да станат активен дел на заедницата и да се интегрираат многу полесно и функционално во општествениот систем. Со изградбата на Дневниот центар ќе се обезбеди дневното згрижување, едукација и унапредување на здравјето на оваа ранлива категорија на лица, што ќе влијае на социјалната интеграција и инклузија во заедницата, зајакнување на нивната самодоверба и доверба во институциите.<br>Ќе има подобрувањето на квалитетот на живот на семејствата на лицата со интелектуална и телесна попреченост до 18 години, со што значително ќе се | -Подобрен квалитет на живот и интеграција на лицата со интелектуална и телесна попреченост и нивните семејства.<br>-Инклузивност на ранливите групи<br>-вклучени лица<br>-Изграден објект<br>-Број на спроведени едукативни работилници и работно-производни обуки<br>-Број на обучени корисници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | подобрат економските условите во семејството, а со тоа ќе се овозможи и подобра и поквалитетна околина за развој и раст на лицата со интелектуална и телесна попреченост. | |
| 4. | „Рехабилитација на дел од ул.,,Александар Урдаревски" во КО Горно и Долно Оризари", Општина Шуто Оризари | Проектот во економската област придонесува во олеснување на пристапот на пазарот на труд, а во социјаланта област ги стимулира активностите за интеграција во заедницата. Ќе се подобрат условите за жителите на трите општини, како и мобилноста на горенаведените групи. Во скопскиот регион според статистиката на агенцијата за вработување невработени лица до април 2020 година заведени има 21005 жители. Поголемиот Дел од оваа категорија на лица се жители на овие три општини, а најголемиот дел од Ромската заедница (број на жители 22017) се жители на Општина Шуто Оризари од кое 66.2 % се невработени лица. Стапката на невработеност во Чучер Сандево е 43,05% додека за Општина Бутел 31,6% е последен податок за стапката на невработеност. Со зголемување на мобилноста на невработените лице, се подобрува и пристапноста до пазарот на труд како би станале активно вработени и би се избришале од оваа статистика на невработени лица. Исто така се олеснува обостран пристап на жителите до јавните услуги и институции во овие делови од градот на кој навистина му е потребно тоа. | Намалување на процентите во трите општини:Шуто Оризари 66, 2% и Чучер Сандево 43,05% Бутел 31,6% |
| 5. | „Поддршка на образовниот процес и стимулирање на дигиталните вештини на учениците во основните училишта во Општина Аеродром, Општина Карпош и Општина Кисела Вода", Општина Аеродром | Воведувањето на дигиталните табли во училиштата ќе им овозможи и на децата од социјално загрозените семејства чии родители со пониски приходи или со понизок степен на образование и со недостаток на компјутерска/дигитална писменост не се во можност да ги обучат на современи образовни методи. На децата од социјално загрозените семејства ќе им се овозможи еднаков пристап до дигиталните алатки што е предуслов за нивната рамноправна интеграција во дигитализираниот социјално - општествен систем, најпрво преку образованието. | Поквалитена образовна програма во училиштата во трите општини, со вредност од 27 опфатени субјекти/ училишта |
| 6. | „Отварање на Центар за работа со талентирани ученици од основните училишта во Општина Центар, Општина Кисела Вода и Општина Карпош",<br>Општина Центар | Отварањето на Центар за талентирани ученици ќе овозможи развој и напредок и на деца од социјално загрозени семејства и со тоа ќе овозможи подеднакви услови за секое дете. Дополнително, социјално загрозените семејства најчесто се со родители со низок степен на образование кои на своите деца не можат да им помогнат во образовниот процес и не се во сосотојба да обезбедат дополнителна литература или средства и опрема која би помогнала во развојот на талентот на детето. | -Изработка на индивидуални развојни програми<br>-Постигнати резултати на национални и меѓународни натпревари<br>-Специјална едукација со доктори на науки, истражувачи, иноватори и настава во посебни услови: планетариум, лабаратории, музичка опрема и др. |
| 7. | „Изработка на проектна документација за кејско уредување на брегот на Маркова река, како и уредување на | Идентификуваната ризична група на граѓани освен што ќе добие стабилизација на приходите во заштитетните обработливи површини, со проектот ќе добијат и можности за рекреација, а со тоа и социјализација која е посебно значајна за лицата од социјално ранливи категории од | - Придонес кон зголемување на рекреативни и пикник зони во кои граѓаните ќе можат да спортуваат, да се релаксираат и социјализираат<br>- Подобрено здравје на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | коритото во должина од 10км", Општина Кисела Вода | трите општини кои живеат во непосредна близина на Маркова река. Истите ќе имаат можност пристап и анимација во зелените зони, а со нивното поткревање на свеста ќе се придонесе и во подигнувањето на степенот на почиста жива средина. | жителите, а со тоа подобар квалитет на животот |
| 8 | TIEX (ТАИЕКС)Експертска мисија за Управување со отпад и развојна локална економија | **"нема компонента на социјална инклузивност"** | / |
| Табеларниот приказ продолжува се до целосното исцрпување на листата на проекти и активности кои се реализираат во извештајната година каде носител е Центарот за развој на планскиот регион | | | |

## 4. Обезбедување родова еднаквост во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааат општата оценка и збирните податоците за придонесот и за остварените резултати во делот на родовата еднаквост во реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион, со посебен осврт на родовото одговорно буџетирање.

| |
|---|
| подолу наведено и образложено |

Покрај општата оценка за остварениот напредок во овој домен, потребно е да се даде и кус и прецизен опис како точно е остварена компонентата на родова еднаквост при реализацијата на секој одделен проект каде носител е Центарот за развој на планскиот регион, на следниов начин:

| ред. број | проект / активност | компонента на родова еднаквост | индикатор/и |
|---|---|---|---|
| 1. | „Мапирање на рекреативна велосипедска и пешачка патека со поставување на вертикална сигнализација-с. Кучково", Општина Ѓорче Петров | Имајќи во обзир дека половата структура изнесува 58% мажи и 42% жени во општината, додека во градот Скопје структурата е 50,8 жени 49,2 мажи, овој проект ќе овозможи подеднаков пристап за сите граѓани на градот и пошироко. Проектот ќе ги охрабри и жените од руралното подрачје да се вклучат поактивно во искорисутвање на новонастанатата состојба. Па така, со развој на своите потенцијали и способности да се изборат за поголема економска независност, како и поголема вклученост во работата и развојот на локалната зедница. | Еднаков пристап за сите граѓани во градот и пошироко. Проектот содржи паметно родово буџетирање и со зголемената атракција како излетничко и рекреативно место подеднакво влијае на рамноправно вклучување на родовите во спортските, рекреативните, културолошките, гастрономските и воопшто економските содржини и области.<br><br>Фотографии и завршен извештај за проектот. |
| 2. | Проект Ерасмус плус програма" Поттикнување на претприемништво со подобрени вештини | Во рамките на проектот беше спроведена мобилност за 18 ученици во Лајбциг, Германија, во центарот "Виталис". Учениците од трите средни стручни училишта :АСУЦ Боро Петрушевски, СУГС | Фотографии од одржана обука, извештај за спроведена мобилност, потврда за спроведена мобилност од |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | преку иновативно учење" | Браќа Миладиновци и СГГУГ Здравко Цветковски од Скопје, работеа со своите ментори, групирани во три групи : практична обука за градежни техничари и архитекти, практична обука за земјоделско-ветеринарна струка и практична обука за автомеханичари.Во рамките на овој проект учествуваа 4 ученички и 2 жени (професор и координатор на проектот) | организацијата, домаќин "Виталис" |
| 3. | Менторска поддршка во рамките на подготовка на апликации за ФИТР. Договор за Бизнис центарза повеќе активности во рамките на ОИРРР проект 1ва компонента | Во рамките на оваа активност вкупно беа спроведени 12 менторски поддршки за апликанти од МСП, стартапи и проектни тимови. Од апликантите вкупно 4 од нив , се основани од жени или во својата сопственост на компанијата имаат жена сопственик. Дополнително за спроведувањето на ментоските поддршки Бизнис Центарот имаше склучено договор и со 1 (една) жена консултант. | Фотографии од спроведени менторски поддршки, извештаи од спроведени менторски активности, 1 (еден) договор за менторска поддршка со жена консултант |
| 4. | „Рехабилитација на дел од ул.,,Александар Урдаревски" во КО Горно и Долно Оризари",Општина Шуто Оризари | Во Скопскиот регион според статистиката на агенцијата за вработување невработени лица до април 2020 година заведени има 21005 жители. Од нив 10316 се мажи додека 10689 се жени.<br>Бутел М50%-Ж50%, Шуто Оризари 50% мажи , 10% лица со посебни потреби и 40% жени.<br>10.000 жители на Општина Чучер Сандево ке имаат бенефит од овој проект. Од нив 5.200 се мажи, а 4.800 се жени. | Еднаков пристап, мобилност и подобрен квалитет на живот на мажи и жени во сите сегменти:<br>-Туристи<br>-Долгорочно невработени лица<br>-Лица - припадници на заедниците<br>-Корисници<br>-Жители на општина Чучер Сандево<br>-Жители на општина Бутел<br>-Жители на општина Шуто Оризари<br>-Лица кои се приклучуваат на Обиколница<br><br>Фотографии и завршен извештај за проектот |
| 5. | „Поддршка на образовниот процес и стимулирање на дигиталните вештини на учениците во основните училишта во Општина Аеродром, Општина Карпош и Општина Кисела Вода", Општина Аеродром | Проектот ги опфаќа генерациски во образовниот систем рамноправно сите родови. Годишно процентуалноста со секоја генерација е варијабилна. | Наставничиот аудиториум како предавач и корисник на дигитални вештини и децата како корисници и апсорбери на нови знаења.<br><br>Фотографии и завршен извештај за проектот |
| 6. | „Изградба на дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост", Општина Гази Баба | Проектот ги опфаќа рамноправно сите родови и долгорочно постигнува баланс во родовата еднаквост.М 50%- Ж 50% | Проектот планира родова еднаквост на опфатеноста на децата со интелектуална и телесна попреченост до 18 години од сите општини од Град Скопје, на кои ќе им биде обезбедено едукација, згрижување и унапредување на здравјето |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Секоја година се регистрираат нови 100 лица, и генерациски родовата процентуалност е варијабилна, но на долг рок е предвиден родов баланс. |
| 7. | „Отварање на Центар за работа со талентирани ученици од основните училишта во Општина Центар, Општина Кисела Вода и Општина Карпош“, Општина Центар | Проектот ги опфаќа генерациски во образовниот систем рамноправно сите родови. Годишно процентуалноста со секоја генерација е варијабилна.Центарот посебно ќе се залага за еднаков пристап и застапеност на талентираните ученици без разлика на полот за обебедување на родовата еднаквост, како и за пристап и застапеност на талентираните ученици од социјално загрозените семејства за кои секогаш е потребен поголем потик да го изразат својот интерест. | Проектот подразбира и паметно родово буџетирање и предвидува родова еднаквост и баланс како долгорочна инвестиција во образовниот и иновативниот процес кој е национално и интернационално конкурентен |
| 8. | „Изработка на проектна документација за кејско уредување на брегот на Маркова река, како и уредување на коритото во должина од 10км“, Општина Кисела Вода | Студеничани<br><br>65% - 35% | Проектот ја опфаќа популацијата која живее во околината како и посетителите и туристите, со варијабилен процент, но со план за еднакви родови придобивки како и присуство на локацијата. |
| Табеларниот приказ продолжува се до целосното исцрпување на листата на проекти и активности кои се реализираат во извештајната година каде носител е Центарот за развој на планскиот регион | | | |

## 5. Придонес конзаштитата на животната средина во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааат општата оценка и збирните податоци за придонесот иза остварените резултати во делот на заштитата и унапредувањето на животната срединаво реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион.

| |
|---|
| подолу наведено и образложено |

Покрај општата оценка за остварениот напредок во овој домен, потребно е да се даде и кус и прецизен опис како точно е остварена компонентата на заштита и унапредување на животната срединапри реализацијата на секој одделен проект каде носител е Центарот за развој на планскиот регион, на следниов начин:

| ред. број | проект / активност | компонента на заштита и унапредување на животната средина | индикатор/и |
|---|---|---|---|
| 1. | „Мапирање на рекреативна велосипедска и пешачка патека со поставување на вертикална сигнализација-с. Кучково“, Општина Ѓорче Петров | Главната цел на проектот е заштита на животната средина и влијание за намалување на загадениот воздух. Во проектот беа поставени корпи за отпад за кои општината ќе се грижи за одлагањето на отпадот како и зголемување на број на корисници на велосипеди.<br>При изведба на инфраструктурните работи, предвидено е да се земат во предвид сите мерки за заштита на животната средина од страна на ангажираниот економски оператор, | Поставување на 20 корпи за отпад.<br>Фотографии од поставени корпи за отпад, урбана опрема и обележја за знаменитости. Извештај од реализиран проект. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | а под директна контрола од страна на секторите за урбанизам и животна средина во општината Ѓорче Петров. Исто така при поставување на вертикална сигнализација и урбана опрема ќе се користат материјали и бои кои немаат негативно влијание врз животната средина. | |
| | „Рехабилитација на дел од ул.,,Александар Урдаревски" во КО Горно и Долно Оризари",Општина Шуто Оризари | Заштитата на животната средина, посебно во услови на енормни загадувања на воздухот, е на прво место.<br>Имено, со рехабилитацијата на патот ќе се овозможи непречен проток на возила. Со тоа ќе се намали емисијата на издувни гасови кои ја испуштаат во воздухот. Големиот број на инциденти кои се случуваат доведува до истекување на моторни масла кои дополнително ја загадуваат почвата.<br>Рехабилитацијата патот ќе биде значаен придонес за зачувување на чист воздух и почва на овој предел-близу до големите градски гужви во сообраќајот. Неговата рехабилитација, со оглед на фактот што има приклучок на обиколница, ќе придонесе за намалување на градските гужви. | Рехабилитиран пат, подобрена инфраструктура, непречен проток на возила, намалена гужва и намалена емисија на гасови и моторни масла во почвата.<br>Завршен извештај и фотографии од реализацијата на дел од рехабилитацијата на патот |
| | „Поддршка на образовниот процес и стимулирање на дигиталните вештини на учениците во основните училишта во Општина Аеродром, Општина Карпош и Општина Кисела Вода",<br>Општина Аеродром | Со употреба на дигиталните табли ќе се помогне и во заштита на животната средина т.е. во елиминирање на употреба на тони потрошена хартија и мастило што се фрлаат секоја година. Дигиталните табли се еколошки, бидејќи ја елиминираат потребата од хартија. Нема да има потреба од фотокопирање и печатење на наставен час. | Економичност со редукција на печатење и рециклажа на хартија, заштеда на природни ресурси за производство на хартија и заштита на животната средина. Намалување на старата опрема и аксесоари за класични табли: табли, сунѓер, креди и сл.<br>Завршен извештај со фотографии од активни часови со интеракција и користење на дигиталните табли. |
| | „Изградба на дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост",<br>Општина Гази Баба | При изведба на инфраструктурните работи, предвидено е да се земат во предвид сите мерки за заштита на животната средина од страна на ангажираниот економски оператор, а под директна контрола од страна на секторите за урбанизам и животна средина во општината Гази Баба.<br>Од руинирана барака градена во 1963 година ќе добиеме објект кој ќе го оплемени просторот и ќе се добие една функционална целина на просторот.<br>Околината ќе биде дополнително хортикултурно опремена со нови засади на садници, како и клупи, маси и лизгалка, со што ќе се влијае на подобрување на животната околина. | Интегриран Центар во паркова околина и создавање на хортикултурен комплекс односно хортикултурна целина.<br>Дел од Извештај и фотографии од Дневниот центар во изградба |
| | „Отварање на Центар за работа со талентирани ученици од основните училишта во Општина Центар, Општина Кисела Вода и Општина Карпош",<br>Општина Центар | При изведба на инфраструктурните работи, предвидено е да се земат во предвид сите мерки за заштита на животната средина од страна на ангажираниот економски оператор, а под директна контрола од страна на секторите за урбанизам и животна средина во општината Центар. Изборот на опремата за во лабараториите ќе биде изведен така да се земат во предвид сите мерки за заштита | Освен позитивното влијание кон животна средина контролирана од секторите за урбанизам, додадена вредност е постојаната мотивација на талентираните ученици кои може да се вклучуваат во иновативни еколошко-ефикасни процеси и преку предизвици самите да ја |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | на животната средина и тоа во однос на материјалите од кои што се изработени инструментите, алатките и другите помагала во лабораториите се еко-френдли и нема да имаат негативно влијание врз животната средина. | подобруваат со разни еко проекти |
| | „Изработка на проектна документација за кејско уредување на брегот на Маркова река, како и уредување на коритото во должина од 10км", Општина Кисела Вода | Во изработката на техничката документација предвидено е и изарботка на елаборат за заштита на животната средина со кој ќе се опфатат сите аспекти кои треба да се почитуваат при реализирање на инфраструктурниот проект во фаза 2. Со реализација на проектот ќе се обезбеди земјоделские површини и околните куќи и индустриски објекти да се заштитат од поплави што доведува до големи заштеди имајќи ја предвид должината за регулација. | Стабилизиран и безбеден кеј, заштитени граѓани од поплави, осигурување на речното корито и уредување кое се надополнува со природата. |
| | TIEX (ТАИЕКС) Експертска мисија за Управување со отпад и развој на локална економија. | Припаѓа на Третата Среднорочна цел: Подобрен квалитет на Животната средина во Скопскиот регион, во приоритетот 3.1 Комунална инфрструктура, Мерка 3.1.3 - Регионално управувањето со отпад. Целта е преку програмата која опфаќа ефективни и ефикасни практики и иновативни модели во технологиите на управувањето со одпад, да се постигне вмрежување меѓу државниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Знаењата и практиките да се дисеминираат, да се разменат како позитивни искуства, да се имплементираат и адаптираат како модели таму каде што постои можност и примена. На конференцијата беа споделени модели на циркуларна економија, рециклирање на храна, градежен отпад, текстил, како и ефективно справување со отпадни води без загадување на животната средина. | Одржани се две работилници во чиј фокус беше управувањето со отпад. Фотографии и он-лине медиуми кои ја претставија целта на програмата со интернационален импакт преку размена на практики, национален со нивната имплементација и поткревање на свеста за животната средина и можностите на нејзината заштита со успешен менаџмент. |
| Табеларниот приказ продолжува се до целосното исцрпување на листата на проекти и активности кои се реализираат во извештајната година каде носител е Центарот за развој на планскиот регион | | | |

## 6. Придонес кон дигитализацијата во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааатопштата оценка и збирните податоци за придонесот и за остварените резултати во делот на дигитализацијатаво реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион.

| |
|---|
| подолу наведено и образложено |

Покрај општата оценка за остварениот напредок во овој домен, потребно е да се даде и кус и прецизен опис како точно е остварена компонентата на дигитализацијапри реализацијата на секој одделен проект каде носител е Центарот за развој на планскиот регион, на следниов начин:

| ред. број | проект / активност | компонента на дигитализација | индикатор/и |
|---|---|---|---|
| 1. | „Поддршка на образовниот процес и стимулирање на дигиталните вештини на учениците во основните училишта во Општина | Учење и интеракција во наставата преку дигитална опрема. Преку дигитализацијата се проширува дијапазонот на можности, се заштедува време, се зголемува пристап до информации, формули и др. Самиот процес е прогресивен и ја подготвува младата популација на новите технологии. | Заштеда на училиштата, пристап до технолошки напредни и модернио опремени училници, усовршување на едукативниот процес, зголемени вештини во 27 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Аеродром, Општина Карпош и Општина Кисела Вода“, Општина Аеродром | | училишта. Фотографии, завршен извештаји медуимска покриеност |
| 2. | „Отварање на Центар за работа со талентирани ученици од основните училишта на Општина Центар, Општина Кисела Вода и Општина Карпош“, Општина Центар | Со основање на Центарот сите училишта од подрачјето на овие општини ќе имаат пристап до технолошки напредни и модерни опремени лаборатории за усовршување на нивните ученици. Тука влегува и поцесот на дигитализација со употреба на дигиталните табли како дел од аксесоарите за образование. Со дигитализацијата се воспоставува систем за заедничко, инклузивно и интегрирано решавање на проблеми кои се заеднички, како за локалните самоуправи така и за локалното население. | Истражување, лабараториски практики, Детектирање на нови методологии за талентирани ученици, Идентификација на талентирани ученици и нивна подготовка за идна мобилизација во научни достигнувања, Формулирање на систем за талентирани ученици и канализирање на нивните вештини и таленти |
| Табеларниот приказ продолжува се до целосното исцрпување на листата на проектии активности кои се реализираат во извештајната година каде носител е Центарот за развој на планскиот регион | | | |

## 7. Извештај за финансиското работење на Центарот за развој на планскиот регион

(Во овој дел се дава наративно резиме на Извештајот за финансиското работење, со презентирање на клучните финансиски показатели, во обем од најмногу половина страница.)

**<u>Наративен извештај за 2022 година</u>**

Центарот за развој на Скопски Плански Регион, ул.Димитрие Чуповски бр.13, представувано од в.д директор Розета Арсовска, 2022 година ја заврши со остварен вишок на приходите во износ од 13.016.612,00 мкд.

**Вкупните приходи** на Центарот за развој на Скопски Плански Регион за 2022 година изнесуваат 44.845.614,00 мкд и тоа:

**1.Пренесен вишок на приходите од предходна годинна (31,12,2021) во износ од 33.878.836,00 мкд,**

**2.Приходи од општините за тековно работење на Центарот во износ 2.088.388,00 мкд,**

**3.Приходи од Министерство за локална самоупраа за тековно работење на Центарот во износ 1.200.000,00 мкд**

**4.Приходи од БРР за проекти во износ - 5.208.572,00 мкд**
-Проект-Отворање на дневен центар за работа со талентирани ученици – 3.687.275,00 ден
-Проект-Подршка на образовните програми износ-1.521.297,00 ден.

**5.Приходи од општините за кофинансирање на проекти износ - 2.042.915,00 мкд**
-Општина Шуто Оризари за Проект-Реконструкција на дел од ул.Александар Урдаревски -342.915,00 ден
-Општина Чучер Сандево за Проект-Реконструкција на дел од ул.Александар Урдаревски-1.700.000,00мкд

**6,Приходи од Бизнис центарот за плата на кординатор - 400.000,00 мкд**

**7.Останати приходи-поврат на средства, Министерство за финансии Биро за јавни набавки - 26.903.00 мкд**

**Вкупните расходи на Центарот за развој на Скопски Плански Регион за 2022 година изнесуваат 31.743.513,00 денари и тоа**
**1. Бруто плати и надоместоци во ккупен износ - 4.749.611,00 мкд**

**2. Кумунални услуги, греење, комуникација, транспорт - 271.255,00 мкд**
**3. Материјали и ситен инвентар - 76.769,00 мкд**
**4. Поправки и тековно одржување - 82.775,00 мкд**
**5. Договорни услуги -1.024.334,00 ден**
**- Изнајмување на канцелариски простор -741.956,00 мкд**
**- Нотарски трошоци -1.340,00 мкд**
**- Преведувачи-42.834,00 мкд**
**- Други здравствени услуги 5.820,00 мкд**
**- Други образовни услуги 31.000,00 мкд**
**- Други договорни услуги 201.384,00 мкд**

- Договор за сметководствени услуги со Нидра Консалтинг Плус -140.000,00 мкд
- Договор со Агенција за авторски и сродни права Еуро-Левел за ангажман на лице Оливер Алексовски за софтверски услуги - 61.380,00 мкд

**7. Други тековни расходи - 302.445,00 мкд**
**8. Вложување и нефинансиски средства - 1,400,00 мкд**
**9. Капитални расходи за реализација на проекти - 25.234.924,00 мкд**

- Проект-Тампонирање на пристапен пат с.Орман и с.Никиштани - 873.495,00
- Проект-Отворање на дневен центар за работа со талентирани ученици -153.400,00 ден
- Проект-Подршка на образовниот процес - 4.726.920,00 ден
- Проект – Мапирање на патека во село Кучково - 4.265.213,00 ден
- Проект-Реконструкција на дел од ул.Александар Урдаревки -11.144.539,00 ден
- Проект-Изградба на дневен центар - 4.371.357,00

**-Центарот за разој на Скопски Плански Регион 2022 година ја заврши со Вкупни побарувања од 89.181.857 мкд и тоа**

1. Побарување од општинте за тековно работење - 6.279.068,00 мкд
2. Побарување од општините за проекти – 39.207.659,00 мкд
- Општина Арачиново - 596,353,00 мкд
- Општина Сопиште -613.221,00 мкд
- Општина Карпош -200.000,00 мкд
- Општина Зелениково -5.170.037,00 мкд
- Општина Кисела Вода -200.000,00 мкд
- Општина Илинден-2.296.422,00 мкд
- Општина Петровец-4.447.911,00 мкд
- Општина Чаир-1.232.993,00 мкд
- Општина Бутел-716.018,00 мкд
- Општина Ѓорче Петров-21.736.920,00 мкд
- Општина Центар-200.000,00 мкд
- Општина Гази Баба-1.797.784,00 мкд
3. Побарување од БРР за проекти - 33.828.743,00 мкд

4. Побарување од Агенцијата за финансиска подршка за проекти - 22,424,523,00 мкд

**Вкупните обврски на Центарот за развој на Скопски Плански Регион за 2022 година изнесуваат**

1.Тековни обврски по фактури за работење на Центарот - 154.789,00 мкд

2.Обврски по фактури - ситуации за проекти - 7.255.876,00 мкд
- Фактура Хидро Енерго Инзинеринг на износ - 505,353,00 мкд за Проект - Изработка на техничка документација за водоснабдување во Арачиново,
- Фактура Еос Консалтинг - 13.401,00 мкд за Проект - Мапирање на патека во село Кучково (веќе исплатена во 2023 година 09.03.2022),
- Фактура Еос Консалтинг - 69.683,00 мкд за Проект- Реконструкција на дел од ул.Александар Урдаревки
- Фактура Еос Консалтинг - 128.993,00 мкд за Проект - Изградба на дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост,
- Фактура Вато - 460.512,00 мкд за Проект - Мапирање на патека во село Кучково (веќе исплатена во 2023г. 09.03.2022),
- Фактура Пирамид Билдинг Солушнс - 3.983.289,00 мкд за Проект-Изградба на културен дом во с. Сопиште,

- Фактура Филип Унжинеринг - 624.657,00 мкд за Проект - Реконструкција на дел од ул.Александар Урдаревки (веќе исплатена во 2023 г. 01.03.2022г.),
- Фактура Пиано Центре Дооел -1.469.988.00 мкд Проект - Подршка на образовен процес за талентирани ученици

Останатите обврски се однесуваат за плата за вработени за месец 12/2022 година во износ од 302.822,00 мкд (веќе реализирано плаќање во 2023 г. – 03.01.2023г.)
Во склопот на Центарот за развој на Скопски плански регион во 2022 година се работеа два проекта.

**Во делот на бизнис центарот – Проект: Одржлив инклузивен рамномерен регионален развој 2 фаза**

**Вкупните приходи на проектот изнесуваат : 1.255.600,00 мкд и тоа:**
- Приходи од Министерство за локална самоуправа за плата за координатор во износ од : 400.000,00 мкд
- Приходи од Министерство за локална самоуправа за проект ФИТР во износ од : 200.000,00 мкд
- Приходи од Министерство за локална самоуправа за проект Бизнис центар повеќе активности во износ од: 141.400,00 мкд,
- Приходи од Министерство за локална самоуправа за проект Регионални форуми на заедницата во износ од: 514.200,00 мкд.

**Вкупните расходи на проектот изнесуваат: 1.090.770,00 мкд и тоа :**
**- Договорни услуги во износ од 644.700,00 мкд и тоа :**

- ✓ Изнајмување на друг простор - Проект регионални форуми во износ од : 129.500,00 мкд,
- ✓ Други договорни услуги проект Бизнис центар повеќе активности во износ од 60.000,00 мкд,
- ✓ Други договорни услуги за проект Регионални форуми на заедницата – Грантова Шема во износ од : 106.200,00 мкд,
- ✓ Други договорни услуги во износ од : 7.000,00 мкд,
- ✓ Други договорни услуги за проект ФИТР во износ од : 200.000,00 мкд,
- ✓ Други договорни услуги за проект Регионални форум Грантова Шема МЛС/СДЦ во износ од : 142.000,00 мкд,

**- Други тековни расходи во износ од 446.070,00 денари и тоа :**
- ✓ Семинари и конференции проект регионални форуми во износ од 46.070,00 денари ,
- ✓ Други оперативни расходи за плата на координатор во износ од 400.000,00 денари .

**Пренесениот вишок за наредната 2023 година изнесува 164.830,00 мкд**

**Вкупните обврски на проектот – Одржлив инклузивен рамномерен регионален развој 2 фаза за 2022 година изнесуваат: 60.000,00 мкд**
- ✓ Обврски по фактури - Други договорни услуги проект Бизнис центар повеќе активности во износ од 60.000,00 мкд.

**1.Проект – Повеќе корисници од програмата ЕРАЗМУС + проект кој е завршен.**
**Вкупните приходи на проектот изнесуваат : 626.341,00 мкд и тоа:**

- Пренесен вишок на приходи од претходната 2021 година во износ од 72.048,00 мкд

- Приходи по основ на договор со Националната Агенција за европски образовни програми во износ од : 554.293,00 мкд

**Вкупните расходи на проектот изнесуваат :626.341,00 мкд и тоа :**
- Патни и дневни расходи: 477.543,00 мкд,
- Комунални услуги, греење, комуникација, транспорт: 5.130,00 мкд,
- Материјали и ситен инвентар: 600,00 мкд,
- Договорни услуги: 90.891,00 мкд,
- Други тековни расходи: 52.177,00 мкд

(Целосниот Извештај за финансиското работење, кој претставува составен дел од Годишниот извештај, согласно член 32 став 2 од Законот за рамномерен регионален развој, се приложува како Анекс на крајот на овој Годишен извештај.)

## 8. Организација и раководење

(Овој дел содржи кус приказ на организациската структура и на расположивите човечки ресурси на Центарот за развој на планскиот регион. Потребно е да се наведе вкупниот број на ангажиран персонал во текот на извештајната година, структурата на ангажираниот персонал, квалификациите, и типот на работниот ангажман (договор на неопределено време, договор на определено време, договорен ангажман врзан за реализација на одреден проект).

Во овој дел се дава и кус приказ на реализираните генерички и специјализирани обуки на персоналот на Центарот.

Во овој дел се адресираат и ограничувањата кои произлегуваат од финансиските, кадровските и другите ресурси, а кои влијаат врз реализацијата на Програмата. Тука треба да се илустрира евентуалната потреба од дополнителни ресурси во функција на реализација на Програмата.

Исто така, во овој дел се дава и кус синтетизиран приказ на работата на Советот за развој на планскиот регион преку бројот и главните содржини на одржаните седници, како и на други неформални облици на активности.)

Центарот за развој на Скопски плански регион **брои 8 (осум)** вработени лица со договор на неопределено работно време и тоа:

- Директор на Центарот за развој на Скопски плански регион
- еден Раководител на одделение за нормативно-правни и финансиски прашања и други стручно административни и општи работи
- еден Раководител на одделение за стратешки, развојни и стручно технички прашања
- двајца вработени на позиција Координатор за регионален развој
- еден вработен на позиција Советник за административно-технички работи
- еден Координатор за одржлив развој и поддршка на приватен сектор
- еден Координатор за туризам, спорт, култура и други општествени дејности.

Во ноември 2022 година позицијата Раководител на одделение за стратешки, развојни и стручно технички прашања згаснува поради заминување на вработеното лице.
Во декември 2022 година Директор Љупчо Кец Мицковски, се заменува со в.д Директор Розета Арсовска

Вработените во центарот ги имаат следните квалификации:
Дипломски студии (инжињер агроном) и посдипломски студии економски науки, Љупчо Кец Мицковски
Дипломски и посдипломски студии по економски науки, Ирина Тростјанска
Дипломски и посдипломски студии по менаџмент на човечки ресурси, Викторија Митрикеска
Дипломоски и посдипломски студии по менаџмент на човечки ресурси, Сирма Илијоска Трифуновска
Дипломски студии – преведувач албански јазик, Озан Адемовски
Дипломоски студии – инжинер- хорт и култура, Розета Арсовска
Дипломски студии по правни науки, Даниела Андоновска
Дипломски студии по општа и компаративна книжевност, Регина Икономовска
Квалификациите на вработените се со стекнато високо образование и дел магистерски студии.

**Центарот за развој на Скопски плански регион ги врши следните работи:**

- Изготвува предлог - Програма за развој на планскиот регион;
- Изготвува предлог-Акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;
- Подготвува предлог-проекти за развој на планскиот регион, за подрачјата со специфични развојни потреби и предлог-проекти за финансирање на Програмата за намалување на

диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност;

- Ги доставува предлог проектите за регионалниот развој врз основа н утврдената листа на предлог- проекти од страна на Советот за развој на Скопски плански регион, во законски определен рок;
- Координира активности поврзани со имплементацијата на Програмата за развој на планскиот регион и ги реализира проектите за развој на планскиот регион;
- Склучува договори со Бирото за регионален развој за реализација на проекти за развој на планскиот регион;
- Ги реализира проектите за развој на планскиот регион;
- Подготвува годишен Извештај за спроведување на програмата за развој на планскиот регион;
- Обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;
- Обезбедува стручна и техничка помош на општините, општините во градот Скопје, и Градот Скопје во подготвувањето на нивните програми за развој;
